Врз основа на овластувањето дадено со одлука на Собранието на АДИНГ а.д. СКОПЈЕ од 25.05.2006 год., Надзорниот одбор на друштвото го утврди пречистениот текст на Статутот на друштвото кој го содржи:

- Статутот усвоен од Собранието на ден 01.03.2005 год.
- одлука на Собранието за зголемување на основната главнина од средствата на друштвото со измена на статут од 16.11.2005 год.
- одлука на Собранието за поделба на акции со измена на статут од 25.05.2006 год.

# С Т А Т У Т
(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој статут се регулираат односите во Деловен систем **АДИНГ АД** за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи, Скопје (во понатамошниот текст: друштво).
(2) Овој статут содржи одредби за:
1) фирмата и седиштето на друштвото;
2) предметот на работење на друштвото;
3) износот на основната главнина и видот и номиналната вредност на акциите;
4) годишна сметка и распределба на добивка;
5)видот, составот и начинот на избор на управниот и на надзорниот одбор и нивната надлежност;
6) постапката за свикување и одржување на собранието;
7) формата и начинот на објавувањата што ги врши друштвото.
8) информирање на акционерите и вработените
9) статут и други акти
10) раководни лица
11) односи со вработените
12) траење и престанок на друштвото

## II. ФИРМА, СЕДИШТЕ И ДЕЈНОСТ

Член 2

(1) Друштвото работи под фирмата:
Деловен систем **АДИНГ АД** за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво и инженеринг работи, Скопје.

(2) Скратен назив на фирмата гласи:
**АДИНГ АД Скопје**

(3) Седиштето на фирмата е во Скопје.
Адресата на друштвото е: “Новоселски пат бб”, Скопје.

(4) Друштвото има печат во тркалезна форма на кој е впишана фирмата на друштвото, а во средината на печатот е напишано АДИНГ.

Член 3

(1) Друштвото ги врши следните дејности:

**22. Издавачка дејност, печатење и репродукција на снимени медиуми;**

22.1 - Издавачка дејност;
22.2 - Печатење и услужни активности во врска со печатењето;
22.3 - Репродукција на снимени медиуми;

**24. Производство на хемикалии и хемиски производи**

24.1 - производство на основни хемикалии
24.2 - производство на пестициди и други хемикалии за земјоделството;
24.3 - производство на бои,лакови и слични премази, печатарско мастило и китови;
24.5 - производство на сапуни и детергенти, препарати за чистење и полирање парфеми и тоалетни препарати;
24.6 - производство на други хемиски производи;

**26. Производство на производи од други неметални минерали;**

26.6 - производство на производи од бетон, цемент или гипс;
26.8 - производство на предмети од други неметални минерали;

**36. Производство на мебел и други разновидни предмети, неспоменати на друго место;**

36.6 - друго производство на разновидни предмети, неспоменати на друго место;

**45. Градежништво**

45.1 - подготовка на градилиште;
45.2 - изградба на цели објекти или нивни делови;
45.3 - инсталатерски работи;
45.4 - завршни работи;

**50. Продажба, одржување и поправка на мотоцикли, продажба на мало на моторни возила;**

50.1 - продажба на моторни возила;
50.3 - продажба на делови и прибор за моторни возила;
50.4 - продажба, одржување и поправка на мотоцикли и делови и прибор за мотоцикли;
50.5 - продажба на мало на моторни горива;

**51. Трговија на големо и посредничка трговија, освен трговија со моторни возила и мотоцикли**

51.1 - трговија на големо со надомест или на договорна основа;
51.2 - трговија на големо со земјоделски суровини и живи животни;
51.3 - трговија на големо со храна, пијалоци и тутун;
51.4 - трговија на големо со предмети за домаќинство, освен 51.46 - трговија на големо со фармацевтски производи;
51.5 - трговија на големо со репродукционен материјал, отпадоци и остатоци освен земјоделски;
51.6 - трговија на големо со машини, опрема и уреди;
51.7 - друга трговија на големо;

**52. Трговија на мало освен трговија со моторни возила и мотоцикли; поправка на предмети за лична употреба и за домаќинствата**

52.1 - трговија на мало во неспецијализирани продавници;
52.4 - друга трговија на мало со нови производи во специјализирани продавници;
52.3 - трговија на мало со фармацевтски, медицински, козметички и тоалетни препарати, освен 52.31 - аптеки;
52.5 - трговија на мало со половна стока во продавници;
52.6 - трговија на мало вон продавници;

**60. Копнен сообраќај, цевоводен транспорт**

60.2 - друг копнен сообраќај;

**63. Придружни и помошни активности во сообраќајот: активности на патничките агенции**

63.1 - претовар на товар и складирање;
63.3 - дејност на патничките агенции и туроператори:дејности што се однесуваат на укажување помош на туристи, некласифицирани на друго место;
63.4 - активности на други посредници во сообраќајот;

**65. Финансиско посредување, освен осигурување и пензиски фондови**

65.1 - монетарно посредување - само 65.12/3 - менувачници;

**70. Активности во врска со недвижен имот**

70.2 - издавање на сопствен недвижен имот;
70.3 - активности во врска со недвижен имот, со хонорар или врз база на договор;

**71. Изнајмување на машини и опрема без ракувач и изнајмување на предмети за лична употреба и за домаќинствата**

71.3 - изнајмување на други машини и опрема;

**74. Други деловни активности**

74.1 - правни, сметководствени, книговодствени и работи на проверка на сметките и билансите; консултантски активности во врска со данокот; испитување на пазарот и јавното мислење; деловни и менаџмент консултантски активности; холдинг; а за дејностите од шифра 74.11- само правни совети и застапување од областа на индустриска сопственост и авторски права; правни совети и застапување од областа на договори за здружување, договори за партнерство и слични документи во врска со основање и промени на трговски друштва;
74.2 - архитектонски и инжинерски активности и соодветни технички услуги;
74.3 - техничко испитување и анализа;
74.4 - реклами и пропаганда;
74.8 - разновидни деловни активности,неспоменати на друго место;

(2) Во надворешно трговскиот промет друштвото ги врши следните дејности:

1) надворешна трговија со прехрамбени артикли
2) надворешна трговија со непрехрамбени артикли
3) услуги на застапување и други видови услуги

Член 4

(1) За промена на дејноста одлучува Управниот одбор на друштвото, освен за промена на претежната дејност под Шифра 24.6 - производство на други хемиски производи, за што одлука донесува Собранието на друштвото.

## III. ОСНОВНА ГЛАВНИНА И АКЦИИ

Член 5

(1) Основната главнина на друштвото изнесува 3.857.636 €.
(2) Основната главнина ја сочинуваат вкупно 386.400 обични акции.
(3) Номиналната вредност на една акција изнесува 9,983 €.

Член 6

(1) Според редоследот на издавањето на акциите, акциите издадени врз основа на одлуката за организирање на друштвото со ограничена одговорност за производство, примена и пласман на хемиски материјали за градежништво 'АДИНГ' со П.О. Скопје во акционерско друштво и одлуката за претворање на удели во обични акции, се основачки акции, а другите акции се од наредните емисии.

Член 7

(1) Одлука за издавање акции донесува собранието на друштвото со мнозинство гласови коешто не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието.

Член 8

(1) Друштвото може да ја зголеми или намали основната главнина на начин и во постапка утврдена со закон.

Член 9

(1) Бесплатни акции или акции по повластена цена може да се издаваат на вработените во друштвото.
(2) Друштвото може да основа фонд од којшто вработените можат да стекнат акции на друштвото бесплатно или по повластена цена. Акциите коишто вработените можат да ги стекнат од фондот, можат да изнесуваат најмногу до една десеттина од основната главнина.
(3) Организацијата и управувањето со акциите на фондот, како и користењето и начинот на распределбата на средствата наменети за акции за вработените, се утврдуваат со Правилник кој го донесува Собранието на друштвото на ист начин и во постапка во која се донесува статутот на друштвото. Ако се основа фондот од ставот (2) на овој член, собранието донесува програма според која вработените ќе можат да стекнуваат акции. Одлука за издавање акции наменети за фондот од ставот (2) на овој член, како и за критериумите за нивна распределба донесува собранието.
(4) Акциите од ставот (2) на овој член, фондот може да ги стекнува од сопствените акции што во согласност со закон ги стекнало друштвото или од акциите издадени од имотот на друштвото што ја надминува основната главнина, од резервите и акумулираната добивка со истовремено зголемување на номиналниот износ на основната главнина.

## IV. ГОДИШНА СМЕТКА И РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКА

Член 10

(1) Најдоцна три месеци по составување на годишните сметки и годишниот извештај се одржува собранието на друштвото со цел да се испитаат истите и да се донесе одлука по нив.

Член 11

(1) По одобрувањето на годишните сметки и утврдувањето на постоењето на добивка за распределба, собранието го определува делот кој се распределува во форма на дивиденда.
(2) Управниот одбор може во текот на деловната година да им исплати аванс на акционерите врз основа на веројатната добивка според годишните сметки, под услови и на начин пропишан со закон.

Член 12

(1) Акционерите можат да ја добијат дивидендата односно аконтацијата врз дивидендата во пари или акции, или дел во пари, а дел во акции.
(2) Понудата за плаќање на дивидендата или аконтациите врз дивидендата во акции ја дава управниот одбор на друштвото.

## V. ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

**Систем на управување**

Член 13

(1) Управувањето со друштвото се организира според двостепен систем (управен одбор и надзорен одбор).
(2) За член на управниот одбор може да биде избрано само физичко лице кое е деловно способно.
(3) За член на надзорниот одбор може да биде избрано физичко лице кое е деловно способно и правно лице кое веднаш по изборот назначува постојан застапник со исти права, обврски и одговорност како и другите членови на надзорниот одбор.
(4) Членовите на управниот и надзорниот одбор се избираат на четири години. Членовите на управен односно надзорен одбор може да се избираат и во пократок период кога тоа е предвидено со овој статут или со закон. Членот на управен и надзорен одбор може повторно да биде избран.
(5) Мандатот на новиот член на управен, односно надзорен одбор, започнува да тече од денот на донесување на одлуката за негов избор, а мандатот на претходниот член на управниот, односно надзорниот одбор завршува со донесување на одлуката за избор на нов член.

**Кворум за работа и одлучување**

Член 14

(1) Управниот одбор или надзорниот одбор може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни повеќе од половина од сите негови членови.
(2) Управниот, односно надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Состаноци преку конференциска телефонска врска**

Член 15

(1) Членовите на управниот, односно на надзорниот одбор можат да учествуваат и одлучуваат на состанок, организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

(2) Учеството на состанокот се запишува во записникот на управниот, односно на надзорниот одбор, кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот, организиран на начин од ставот (1) на овој член. Потпишувањето се врши со своерачен потпис, или со потпис на текстот на записникот испратен по факс или по електронски пат, доколку членот поради отсаство не е во можност своерачно да го потпише записникот.

**Одлучување без одржување состанок**

Член 16

(1) Управниот, односно надзорниот одбор може да одлучува и без одржување состанок ако сите членови дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.

(2) За сите одлуки донесени на начин од ставот (1) на овој член, претседателот на управниот, односно на надзорниот одбор или физичкото лице коешто тој ќе го овласти, подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува претседателот, а во негово отсуство член на управниот, односно на надзорниот одбор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката којашто ја донеле без одржување состанок.

(3) Одлуките донесени на начин од ставот (1) на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од ставот (1) на овој член од страна на сите членови на органот на управување, односно на надзорниот одбор, освен ако во одлуката не е утврден друг момент на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.

**Записник од состаноците и одлуки**

Член 17

(1) За работата на секој состанок на управниот, односно надзорниот одбор и на комисиите, без разлика на тоа како е одржан состанокот, се подготвува записник.

(2) Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржување на состанокот, освен ако со закон поинаку не е определено. Записникот се усвојува на наредната седница на управниот, односно надзорниот одбор и доколку нема забелешки и измени веднаш се потпишува. Ако има забелешки и измени, тие се внесуваат во записникот и тој се потпишува веднаш, или ако тоа не е можно, во натамошен рок од три дена.

(3) Записникот треба да содржи податоци за начинот на којшто работел управниот, односно надзорниот одбор (на состанок или на друг начин), времето и местото на одржувањето на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот

ред на состанокот, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале “за” и “против” одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може, по барање на членот кој гласал “за” и “против” да се внесе и причината зошто така гласал. Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот.
(4) Записникот го потпишуваат сите членови на управниот, односно надзорниот одбор кои биле присутни на состанокот. Записникот го потпишува и претседателот на управниот, односно надзорниот одбор, а во негово отсуство членот кој претседавал на состанокот.

Член 18

(1) За секое прашање за кое одлучува управниот односно надзорниот одбор треба да постои претходен писмен предлог кој мора да ги содржи сите елементи на одлуката. Предлогот на одлуката е составен дел на записникот.Во случај ако нема писмен предлог, одлуката може да се донесе, но таа може да стапи во сила ако ја потпишат сите членови кои ја донеле или откако записникот од седницата ќе биде усвоен. Текстот на одлуката за која нема предлог, мора целосно да се внесе во записникот од седницата.
(2) Текстот на одлуката која е донесена со усвојување на писмен предлог, не мора да влезе во записникот од седницата. Во записникот се внесуваат евентуалните измени или дополнувања на предлогот, а одлуките се изготвуваат посебно со пречистен текст од предлогот и неговите евентуални измени внесени во записникот. Посебно изготвената одлука ја потпишува претседателот или членот кој претседавал со седницата.
(3) Одлуките на управниот, односно на надзорниот одбор влегуваат во сила од денот на нивното донесување, освен ако во одлуката или со овој статут или закон поинаку не е определено.

**Комисии**

Член 19

(1) Управниот, односно надзорниот одбор може да формира една или повеќе комисии од редот на своите членови и од други лица.
(2) Комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на управниот, односно надзорниот одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.
(3) Составот, условите, содржината на работа и начинот на работењето на овие комисии поблиску се уредуваат со деловниците за работа на управниот, односно надзорниот одбор и другите акти и одлуки донесени во согласност со статутот.
(4) Сите активности на комисиите подлежат на одобрение од страна на управниот, односно надзорниот одбор.

**Зделка со заинтересирана страна**

Член 20

(1) Секоја зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која заинтересираната страна е член на управен, односно надзорен одбор, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на

друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од
акциите со право на глас на друштвото или лице кое има овластување да дава упатства на друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна и се извршува од страна на друштвото во постапка во согласност со закон.

(2) Се смета дека лицето од ставот (1) на овој член е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на друштвото доколку тоа лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само од едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лице поврзано со нив (во натамошниот текст: заинтересирана страна):

1) е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка или
2) поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или
3) е член на органот на управување, односно на надзор на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таква зделка, или е раководно лице на тоа правно лице

(3) Одредбите од ставовите (1) и (2) на овој член нема да се применуваат:

1) ако сите акционери на друштвото имаат интерес во зделката;
2) во случај на остварување на правото на првенствено купување акции, издадени од друштвото и
3) при стекнување или откуп на сопствени акции

Член 21

(1) За секој договор или друга деловна активност на друштвото во којашто друштвото е странка и во којашто член на управниот, односно на надзорниот одбор има интерес, дури и на посреден начин, мора да се постапи според членовите 20, 21 и 22 од овој статут.

(2) Секој член на управниот, односно на надзорниот одбор кој има интерес е должен веднаш да го пријави тоа.

(3) Ако член или заинтересиран член на управниот, односно на надзорниот одбор дојде до сознание дека е исполнет некој од условите од ставот (1) на овој член, за тоа веднаш го известува надзорниот одбор. Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со договорот или со другата правна работа ниту во донесувањето на одлуката за давање на одобрението од членот 21 став (1).

Член 22

(1) Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување од страна на надзорниот одбор или на собранието, на начинот и според постапката определена во овој член.

(2) Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на надзорниот одбор кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на надзорниот одбор се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на надзорниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на надзорниот одбор определен во статутот, таквата зделка ја одобрува собранието.

(3) Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас, и тоа, ако:

1) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на друштвото, според последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;
2) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на друштвото, преостанати во тој период или
3) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на друштвото и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.

(4) Во одлуката со која се одобрува зделка со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

(5) Собранието може да одобри зделка со заинтересирана страна којашто може да биде остварена со друштвото во иднина, во редовниот тек на неговата работа. Во одлуката усвоена од собранието задолжително, меѓу другото, се определува и најголемиот износ на зделката.

(6) Во постапката на одобрување зделка со заинтересирана страна цената на имотот или услугите кои се продаваат или се купуваат со неа ги определува надзорниот одбор.

(7) Секоја заинтересирана страна е одговорна кон друштвото за штетите што му ги предизвикала. Ако повеќе страни се одговорни, нивната одговорност кон друштвото е солидарна.

Член 23

(1) Лицата наведени во членот 19 од овој статут се должни да го известат надзорниот одбор:

1) за друштвата во кои тие сами или заедно со поврзани лица имаат 20% или повеќе проценти од уделот, односно акции со право на глас;
2) за друштвата во чиишто органи имаат управувачки функции и
3) на нив познати тековни или можни зделки, во кои се заинтересирана страна.

Член 24

(1) Друштвото не може да дава кредит на член на управниот, односно надзорниот одбор и на членови на нивните потесни семејства ниту на член на управниот, член на надзорниот одбор, односно на управител на зависно друштво или на член на неговото потесно семејство. Под забраната не се опфатени обврските кои друштвото ги презело со договорот за уредување на односите меѓу друштвото и член на управниот одбор, односно управител, ако овие обврски се договорени во согласност со претходна одлука на собранието донесена со мнозинство од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, или ако договорената обврска накнадно ја потврди собранието со две третини од акциите со право на глас, претставени на собранието.

**Оставка**

Член 25

(1) Член на управниот, односно надзорниот одбор може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.

(2) Потписот на членот на управниот, односно надзорниот одбор на известувањето за оставката се заверува кај нотар.

(3) По поднесена оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Ако интересите на друштвото го наложуваат тоа, управниот, односно надзорниот одбор може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата се до изборот на нов член на управниот, односно надзорниот одбор, но не подолго од 60 дена. Се смета дека на членот на управниот, односно надзорниот одбор му престанал мандатот со денот на поднесувањето на известувањето за оставката, во писмена форма, освен ако во известувањето не е наведен некој друг датум.

Член 26

(1) Кога својството член на управен односно надзорен одбор престанува пред истекот на мандатот од било кои причини, на негово место се избира нов член според одредбите на овој статут, кој ќе има мандат до истекот на времето за кое е избран претходникот.

(2) Кога својството член на управен односно надзорен одбор им престанува истовремено на сите членови пред истекот на мандатот од било кои причини, новите членови кои ќе се изберат имаат мандат од четири години.

<u>УПРАВЕН ОДБОР</u>

**Состав и избор**

Член 27

(1) Управниот одбор има 5 (пет) члена.

(2) За член на управен одбор може да биде именувано само физичко лице, кое има високо образование (завршен факултет).

Член 28

(1) Надзорниот одбор ги избира членовите на управниот одбор со мнозинство од вкупниот број гласови.

(2) Предлог за именување член на управниот одбор може да даде секој член на надзорниот одбор. Членот на надзорен одбор не може да биде предложен за член на управен одбор.

(3) Ни едно лице во исто време не може да биде член на управен одбор и член на надзорен одбор.

**Претседател на управен одбор**

Член 29

(1) Со одлуката за избор, еден од членовите на управниот одбор се именува за претседател на управен одбор. Со истата одлука се одредува еден член на управен одбор кој ќе го заменува претседателот во негово отсуство.

(2) Надзорниот одбор може да го разреши претседателот на управниот одбор во кое било време и да именува нов претседател. Одлуката за разрешување се донесува со двотретинско мнозинство од вкупниот број членови на Надзорен одбор. Престанокот на функцијата на претседател на управен одбор не значи автоматски престанок на функцијата член на управен одбор.

(3) Претседателот на управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водењето на записникот од состаноците и за организацијата на други форми преку коишто управниот одбор работи и одлучува.
(4) Ако претседателот од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или ако е отсутен, со состаноците на управниот одбор претседава заменик претседателот на управниот одбор именуван од надзорниот одбор.

**Состаноци и известување**

Член 30

(1) Управниот одбор одржува состанок кога тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.
(2) Секој член на управниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од претседателот да свика состанок на управниот одбор.
(3) Ако членот кој барал свикување на состанок добие поддршка од најмалку една третина од членовите на управниот одбор за свикување состанок, претседателот мора да свика состанок во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.
(4) Свикувањето на состанокот од ставот (3) на овој член се врши со известување до сите членови на управниот одбор, што е вообичаено за свикување на состаноците на органот на управување, во коешто се наведуваат причините, времето и местото на одржувањето на состанокот.

**Надлежност и управување со друштвото**

Член 31

(1) Управниот одбор управува со друштвото и, во тие рамки, го води работењето на друштвото под сопствена одговорност. Управниот одбор има најшироки
овластувања во управувањето со друштвото, односно во вршењето на сите работи сврзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од име на друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото, со исклучок на овластувањата коишто изречно му се дадени на собранието и на надзорниот одбор.
(2) Надзорниот одбор ги распределува овластувањата и функциите помеѓу членовите на управниот одбор, според предлог од претседателот на управниот одбор.
(3) Управниот одбор може на еден или повеќе свои членови или на трето лице, да го довери извршувањето на конкретни задачи.
(4) Управниот одбор, заради извршување на овластувањата од ставот (1) на овој член, може да назначи раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото во согласност со одлуките, насоките и налозите на управниот одбор.

Член 32

(1) Управниот одбор, со претходно одобрение на надзорниот одбор, одлучува за следните прашања:
1) затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на друштвото;
2) намалување или проширување на предметот на работење на друштвото;

3) суштествени внатрешни организациони промени на друштвото што се определуваат со акт на друштвото;
4) воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;
5) основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на друштвото и
6) основање и престанување на подружници на друштвото.

(2) Ако надзорниот одбор одбие да даде одобрение, управниот одбор, со образложение поднесено во писмена форма, може да бара одобрение од собранието.

(3)Одлуката со која собранието дава одобрение се донесува со мнозинство гласови кое изнесува најмалку две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.

Член 33

(1) Управниот одбор ги донесува бизнис плановите за работењето на друштвото (краткорочни,среднорочни и долгорочни). Бизнис плановите ги одобрува надзорниот одбор на друштвото.

(2) Роковите за донесување и одобрување на бизнис плановите се утврдуваат со Деловникот за работа на управен одбор и надзорен одбор.

(3) Управниот одбор, во име на друштвото, одлучува и ги врши сите овластувања и обврски кои друштвото ги има како содружник во поврзани друштва. Управниот одбор може да овласти свој член или друго лице кое ќе ги врши овие овластувања. Лицето е должно редовно да го известува Управниот одбор за својата работа.

(4) Управниот одбор, кога е тоа предвидено со закон или внатрешните акти, во име на друштвото дава согласност на одлуките кои ги донесуваат управителот или органите на управување на поврзаните друштва.

Член 34

(1) Членовите на управниот одбор, најмалку еднаш во три месеца му поднесуваат на надзорниот одбор пишан извештај за работењето на друштвото, а по истекот на деловната година поднесуваат и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото.

(2) На барање на надзорниот одбор, членовите на управниот одбор, составуваат посебен извештај за состојбата на друштвото или за некое прашање од неговото работење.

(3) Членовите на надзорниот одбор можат сами или преку други лица да преземаат дејствија заради стекнување увид во работењето на друштвото и управувањето со него од страна на членовите на управниот одбор. На барање на најмалку една третина од членовите на надзорниот одбор, членовите на управниот одбор се должни да ги подготват сите документи и известувања потребни за вршење на надзор над нивната работа.

(4) Секој член на надзорниот одбор, заради извршување на својата функција, има право да ги разгледува сите извештаи, акти и документи што членовите на управниот одбор ги доставуваат на надзорниот одбор.

**Забрана за конкуренција**

Член 35

(1) Членот на управниот одбор без одобрение на надзорниот одбор не смее:

1) за своја или за туѓа сметка да врши работи коишто спаѓаат во предметот на работење на друштвото;
2) да врши друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице.
3) да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на рабо-тење како и друштвото и
4) во просториите на друштвото да врши работи за своја или за туѓа сметка.

(2) Пред изборот на физичко лице за член на управниот одбор, кандидатот во писмена форма, го известува надзорниот одбор за сите свои дејности и активнос-ти во друго друштво, платени или неплатени, кои ги врши за сопствена сметка или за сметка на кое било друго лице.
(3) Собранието мора да биде известено на првата наредна седница за даденото одобрение од ставот (1) на овој член.

**Статус на членовите на органот на управување**

Член 36

(1) Членовите на управниот одбор имаат право на плата, односно месечен надо-мест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права.
(2) За работата на членовите на управниот одбор, собранието може со одлука да им одобри и учество во добивката. Учеството, по правило, се состои од учество во дел од годишната добивка на друштвото. Одобреното учество во годишната до-бивка на друштвото се пресметува на делот од годишната добивка што останува по намалувањето на остварената добивка за износот од вкупните загуби прене-сени од претходните години и за износите што се издвојуваат за законски и за статутарни резерви.
(3) Правата и обврските на членовите на управниот одбор, покрај правата и обврските определени со овој закон, можат да бидат определени со договор за уредување на односите меѓу друштвото и член на управниот одбор. Од името на друштвото, договорот меѓу член на управниот одбор и друштвото го склучува надзорниот одбор, а го потпишува претседателот на надзорниот одбор.
(4) Правата на членовите на управниот одбор, со договорот од став (3) на овој член се уредуваат соодветно на видот и обемот на доверените задачи, работно-правен статус и на нивниот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото.

Член 37

(1) Правата и обврските од работниот однос што ги стекнал член на управниот одбор кој пред изборот е во работен однос во друштвото, утврдени со договор за работа, му мируваат. Мирувањето започнува од денот на изборот на тоа лице.
(2) Членот на управниот одбор, за времето за коешто е избран, освен ако функци-јата ја врши без засновање работен однос, правата од работен однос ги остварува според условите утврдени во договорот за уредување на односите меѓу член на управниот одбор и друштвото, во согласност со закон.

(3) На членовите на управниот одбор не се применуваат одредбите од колективните договори, како и одредбите од Законот за работни односи што се однесуваат на заснавањето и на престанувањето на работниот однос, на дисциплинската одговорност, на платата, на надоместоците и на заштитата на правата на работниците. Правата од овие одредби од Законот за работни односи, овие лица ги остваруваат на начин и според условите утврдени во договорот за уредување на односите меѓу член на управниот одбор и друштвото.
(5) Одредбите од овој член и од членот 36 на овој статут соодветно се применуваат и на управителите во поврзаните друштва-ќерки, на начин и под условите определени со договорот за друштвото, освен ако функцијата ја вршат без заснoвање работен однос.

**Застапување на друштвото**

Член 38

(1) Претседателот на управен одбор го застапува и претставува друштвото во односи со трети лица и го носи називот генерален директор.
(2) Надзорниот одбор може да даде овластување за застапување во определени правни дејствија или во определени видови правни дејствија и на други членови на управниот одбор.

**Отповикување на членовите на управен одбор**

Член 39

(1) Надзорниот одбор може во кое било време, со или без образложение, да ги отповика сите членови на управниот одбор, односно негов член. Надзорниот одбор на истата седница избира нови членови на управниот одбор, односно нов член на местото на отповиканите членови, односно на отповиканиот член.
(2) Одлуката се донесува со двотретинско мнозинство гласови на сите членови на надзорен одбор. Одлуката за отповикување влегува во сила од денот на донесувањето.
(3) Член на управниот одбор кој е отповикан има право да бара надомест на штета ако така е определено во договорот за уредување на односите меѓу друштвото и член на управниот одбор од членот 36 на овој статут.
(4) На член на управниот одбор му престанува мандатот и ако годишното собрание не ја одобри неговата работа.
(5) Во одлуката за избор, односно отповикување, се определува лицето овластено да ја поднесе пријавата за упис во трговскиот регистар на избраните, односно на отповиканите членови од органите од овој член.

**Деловник и други акти**

Член 40

(1) Другите прашања во врска со начинот на работа и одлучување на управниот одбор, се уредуваат со деловникот за негово работење кој го донесува надзорниот одбор.
(2) Управниот одбор може да донесува правилници, заклучоци, задолженија, упатства и други акти и одлуки со кои ќе уреди определени прашања од својата работа или прашања од значење за работата во друштвото. Овие акти не можат

да бидат во спротивност со актите и одлуките донесено од собранието или надзорниот одбор на друштвото.

НАДЗОРЕН ОДБОР

**Состав и избор на членовите на надзорниот одбор**

Член 41

(1) Надзорниот одбор има 4 (четири) члена.
(2) Еден од членовите на надзорен одбор е независен член.
(3) Собранието ги избира членовите на надзорниот одбор. При изборот на членовите на надзорниот одбор се назначува кој член се избира како независен член.
(4) Членот на надзорниот одбор може повторно да биде избран.

Член 42

(1) Собранието ги избира членовите на надзорниот одбор со тајно гласање.
(2) За одлучување на собранието на кое се избира член на надзорен одбор, потребно е присуство на акционери кои поседуваат најмалку 2/3 од акциите со право на глас.
(3) Ако на собранието не се обезбеди присуство од став 3 на овој член, повторно се закажува собрание (презакажано собрание) најмногу после 15 дена, кое може да одлучува без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги поседуваат.

Член 43

(1) Акционерите кои поседуваат најмалку 1/5 од вкупниот број акции со право на глас, можат да дадат предлог за избор на еден или повеќе, а најмногу три члена на надзорен одбор. Ако не се врши избор на цел состав на надзорен одбор, предлогот може да содржи најмногу двајца кандидати за членови на надзорен одбор.
(2) Еден од кандидатите во предлогот од став 1 на овој член, може да биде определен како независен член.
(3) Предлогот се дава најдоцна 7 дена пред одржување на собранието.
(4) Ако нема доволно предлози според став 1 и 2 на овој член, секој акционер или повеќе од нив кои поседуваат најмалку 5 % акции, можат на самото собрание да дадат предлог за избор на еден член на надзорен одбор. Се смета дека нема доволно предлози за избор на членови на надзорен одбор кои не се одредени како независни, ако 7 дена пред седницата не се предложени најмалку 2 кандидати повеќе од бројот што се избира. За независен член се смета дека нема доволно предлози, ако 7 дена пред седницата не се предложени најмалку двајца кандидати.

Член 44

(1) Предлозите за избор на членови на надзорен одбор кои се доставени пред одржувањето на седницата на собранието, мора да бидат писмени и потпишани од предлагачите. Предлогот за независен член мора да содржи податоци и да биде образложен во смисол на критериумите кои се пропишани во законот за независен член на надзорен одбор.

(2) Предлагачите го доставуваат предлогот лично до органот кој го свикува собранието. Потписите на предлогот се ставаат пред секој од членовите на органот или пред друго лице овластено од органот и тој го заверува предлогот со свој потпис.
(3) Предлагачите можат да го достават предлогот и по пошта. Во тој случај нивните потписи треба да бидат заверени кај нотар.

Член 45

(1) Секој од предложените кандидати дава писмена согласност за неговото кандидирање.
(2) Кандидатите предложени на самата седница, ако се присатни даваат согласност на записник. Ако не се присатни, седницата се одлага најмногу за 3 работни дена да се обезбеди согласност на кандидатите. Продолжувањето на седницата во поглед на закажување, објавување, кворум и слично не се смета за повторно собрание, туку за продолжување прекинатата седница на собранието.
(3) Пред да се пристапи кон избор на член на надзорниот одбор, за секој кандидат, во писмена форма, се објавуваат податоци за возраста, полот, образованието и другите професионални квалификации, работното искуство и како го стекнал, во кои друштва е или бил член на орган на управување, односно на надзорен одбор и другите поважни функции што ги вршел, бројот на акциите што ги поседува во друштвото и во други друштва, како и заемите и другите обврски коишто ги има спрема друштвото. За кандидатите предложени на самата седница податоците се објавуваат на самата седница и се составен дел на записникот од седницата.
(4) Свикувачот на собранието е должен известувањето за тоа кои се предложени кандидати за избор на членови на надзорниот одбор (само оние од кои добил согласност) да го објави на огласна табла на друштвото најдоцна 5 дена пред денот на одржувањето на собранието. На известувањето се назначува кои кандидати се предложени како независни членови.
(5) Кога се избира и независен член на надзорен одбор, листата на предложени кандидати се составува посебно за кандидатите за независен член, а посебно за останатите кандидати.

Член 46

(1) Гласањето за избор на членови на надзорен одбор го спроведуваат двајца бројачи на гласови. За бројач на гласови не може да се избере лице кое е член на
управен односно на надзорен одбор ниту претседавачот со собранието на коешто се врши тајното гласање.
(2) Гласањето се врши во просторијата каде се одржува собранието и мора да се обезбеди тајноста на гласањето.
(3) По завршеното гласање се отвараат гласачките кутии и повеќе не смее да се примаат нови гласачки ливчиња.

Член 47

(1) Гласачкото ливче ги содржи името и презимето на сите уредно предложени кандидати, според азбучен ред на презимето и името на кандидатите. Ако се избира и независен кандидат, гласањето се врши на посебни гласачки ливчиња.
(2) Гласачкото ливче се заверува со печат на друштвото. За гласање се изготвуваат ливчиња со 1,2,5,10,20,50,100,200 и 500 гласа.

Член 48

(1) Гласањето за избор на член на надзорен одбор се врши со заокружување на редниот број пред името и презимето на онолку кандидати колку што се избираат членови. Секое поинаку извршено гласање е неважечко.
(2) Гласањето е неважечко ако во гласачките кутии има гласачки ливчиња кои вкупно носат повеќе гласови од гласовите на акционерите кои гласале на собранието. Ако бројот на гласовите на гласачките ливчиња е ист или помал од гласовите на акционерите кои гласале, гласањето е важечко.

Член 49

(1) За член на надзорен одбор во првото гласање е избран оној кандидат кој добил повеќе од половината од присатните гласови.
(2) Ако на првото гласање доволен број кандидати не го добиле потребното мнозинство, гласањето се повторува за избор на толку членови колку што не се избрани.
(3) Доколку на самата седница не е можно да се изготват гласачките ливчиња, седницата се одлага со веднаш закажување на време и дата на нејзино продолжување кое не може да биде повеќе од 2 работни дена. Продолжението во поглед на сите прашања се смета за иста седница(продолжување на прекината седница).

Член 50

(1) Гласањето се повторува на ист начин како првото гласање, со тоа што на гласачкото ливче се изоставаат имињата на претходно избраните кандидати.
(2) За избрани членови на надзорен одбор се сметаат кандидатите кои во второто гласање добиле најголем број гласови но не помалку од 1/5 од вкупниот број акции со право на глас.
(3) Ако и по второто гласање не се избрани сите членови на надзорен одбор, постапката за избор на толку членови колку што не се избрани се повторува, од свикување на ново собрание, предлагање на кандидати до конечен избор.

Член 51

(1) По завршеното гласање веднаш се пребројуваат гласовите и се составува записник за гласањето кој го потпишуваат бројачите на гласови и кој се чита на самата седница и е составен дел од записникот на седницата.
(2) Одлуката на собранието за избор на надзорниот одбор, односно на негов член влегува во сила од денот на донесувањето. Пријавата за упис во трговскиот регистар на избраниот надзорен одбор, односно на негов член ја поднесува лицето определено со одлука на собранието.

Член 52

(1) Во рок од седум дена по завршениот избор на целиот состав на надзорен одбор се одржува првата седница на надзорниот одбор која ја свикува најстариот член на надзорниот одбор и ја води до изборот на претседател. На седницата се избира претседател и заменик претседател, со што надзорниот одбор е конституиран. После тоа се врши упис на членовите на одборот во трговскиот регистар.
(2) Ако надзорниот одбор не успее да избере претседател или заменик, односно не се конституира, по сила на овој статут го враќа мандатот на собранието.

Управниот одбор или претходниот состав на надзорниот одбор веднаш го свикуваат собранието за спроведување на нови избори за членови на надзорен одбор.

**Овластувања на надзорниот одбор**

Член 53

(1) Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши управниот одбор.
(2) Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока. Надзорниот одбор за вршење одделни стручни работи од надзорот може да задолжи одделни членови на одборот, овластениот ревизор или стручни лица.
(3) На надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето на друштвото, освен ако со закон поинаку не е определено. По исклучок, со закон и овој статут се одредува за кои определени видови работи управниот одбор може да одлучува само со претходно одобрение на надзорниот одбор.
(4) Надзорниот одбор го застапува друштвото спрема членовите на управниот одбор.

Член 54

(1) Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на членовите на надзорниот одбор. Членовите на надзорниот одбор имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

**Претседател на надзорниот одбор**

Член 55

(1) Надзорниот одбор, од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на надзорниот одбор, избира претседател и заменик претседател на надзорниот одбор.
(2) Претседателот на надзорниот одбор ги свикува седниците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на надзорниот одбор.
(3) Заменикот го заменува претседателот кога е отсутен.
(4) Надзорниот одбор може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател. Одлуката за разрешување се донесува со trичетвртинско мнозинство од вкупниот број членови на надзорен одбор.

**Свикување состанок и начин на работа на НО**

Член 56

(1) Надзорниот одбор одржува состанок ако тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

(2) Секој член на надзорниот одбор или на управниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од
претседателот на надзорниот одбор да свика состанок на надзорниот одбор. Состанокот мора да се одржи во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.
(3) Надзорниот одбор, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното
собрание.
(5) Покрај обврската за одржување состаноци, определена во ставот (3) од овој член, надзорниот одбор може да одржува и други состаноци што ги свикува претседателот на надзорниот одбор или што се свикани по писмено барање на некој од членовите на одборот, овластениот ревизор или акционерите кои претставуваат најмалку една десеттина од акциите со право на глас. Барањето се доставува до претседателот на надзорниот одбор.

Член 57

(1) Надзорниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот.
(2) Надзорниот одбор донесува деловник за својата работа.

**Непотполн состав**

Член 58

(1) Ако одделни членови на надзорниот одбор престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на надзорниот одбор мораат во рок од три дена да свикаат собрание за да се пополни составот. Ако собранието не биде свикано во овој рок, собранието го свикуваат членовите на управниот одбор, во рок од три дена по истекот на претходниот рок.

**Отповикување на членовите на надзорниот одбор**

Член 59

(1) Собранието може да ги отповика сите членови на надзорниот одбор, односно член на овој орган и пред истекот на времето за коешто биле избрани. За одлуката за отповикување е потребно мнозинство гласови од акциите со право на глас, претставени на собранието.
(2) За отповикување на членови на надзорен одбор се гласа тајно.
(3) На член на надзорниот одбор му престанува мандатот и ако годишното собрание не ја одобри неговата работа.

Член 60

(1) Предлог за разрешување на член на надзорен одбор можат да дадат акционери чии акции претставуваат најмалку 1/5 од висината на основната главница на друштвото.
(2) Надзорниот одбор е должен да го свика собранието за одлучување по предлогот.

Член 61

(1) За одлучување по предлог за разрешување на член на надзорен одбор, на седницата на собранието е потребен кворум од 2/3 мнозинство од вкупниот број акции со право на глас.
(2) Ако не се обезбеди потребниот кворум, за време што не е пократко од 5 ниту подолго од 15 дена се свикува повторно собрание кое може да работи ако е обезбеден кворум од над 1/2 од вкупниот број акции со право на глас (презакажано собрание).
(3) Ако не се обезбеди кворум ниту на презакажаното собрание или ако не се добие потребниот број гласови за разрешување на член на надзорен одбор, се смета дека предлогот е отфрлен и за разрешување на истиот член не може да се гласа повторно пред истекот на шест месеци од претходното гласање.

Член 62

(1) Ако собранието донело одлука за отповикување на сите членови на надзорниот одбор, односно на негов член, на истата седница или нејзино продолжение согласно чл.73 од овој статут, собранието избира нови членови на надзорниот одбор, односно нов член на местото на отповиканиот член, ако собранието одлучи така и ако на собранието на акционерите, во писмена форма, му се доставаат податоците за кандидатите коишто треба да бидат избирани. Ако собранието не одлучи изборот да се изврши на истата седница, во најкраток можен рок се свикува ново собрание.
(2) Мандатот на новоизбраниот член почнува да тече од денот на донесувањето на одлуката за неговиот избор.
(3) Одлуката на собранието за отповикување на надзорниот одбор, односно на негов член влегува во сила од денот на донесувањето.
(4) Во одлуката за избор, односно отповикување, се определува лицето овластено да ја поднесе пријавата за упис во трговскиот регистар на избраните, односно на отповиканите членови на надзорниот одбор.

<u>СОБРАНИЕ</u>

**Надлежност на собранието**

Член 63

(1) Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со закон и со овој статут, а особено за:
1) измена на статутот;
2) одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
3) избор и отповикување на членовите на надзорниот одбор;
4) одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на управниот и на надзорниот одбор;
5) зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
6) издавање акции и други хартии од вредност;
7) назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
8) преобразба на друштвото во друга форма на друштво, како и за статусните промени на друштвото и

10) престанување на друштвото.
(2) Собранието избира претседавач со седницата на собранието, записничар и двајца акционери - заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и двајца бројачи на гласови кои ги пребројуваат гласовите при јавно гласање и ја спроведуваат целата постапка на тајно гласање.
(3) Ако собранието одлучува за измена на податок што во согласност со закон се запишува во трговскиот регистар записникот го води нотар.
(4) Собранието не може да одлучува за прашања од областа на управувањето, односно од областа на водењето на работењето на друштвото што се надлежност на органите на управување, освен ако тоа со закон поинаку не е определено.

**Годишно собрание**

Член 64

(1) Годишното собрание го свикува управниот одбор најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеца од завршувањето на календарската година или 14 месеца од одржувањето на последното годишно собрание.
(2) На годишното собрание:
1) се разгледуваат и се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година;
2) се одлучува за употребата на чистата добивка или за покривање на загубата и
3) се одобрува работата на членовите на управниот и на надзорниот одбор.
(3) Ако управниот одбор не го свика годишното собрание навреме, собранието без одлагање го свикува надзорниот одбор.
(4) Годишното собрание по завршувањето на деловната година, задолжително одлучува за одобрување на работата и за водењето на работењето на друштвото од страна на членовите на управниот одбор и за работата на членовите на надзорниот одбор. За одобрување на работата на членовите на органите на друштвото се гласа јавно и одделно за секој член на органот.
(5) Расправата и одобрувањето на работата на управниот односно на надзорниот одбор, односно за начинот на водењето на работењето на друштвото мора да биде поврзана со расправата за годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во претходната деловна година.
(6) Ако годишното собрание не ја одобри работата на управниот, односно на надзорниот одбор или на некои од членовите на овие органи, на истата седница, собранието може да одлучи да пристапи кон избор на сите членови на управниот, односно на надзорниот одбор или кон избор на нови членови на овие органи на местото на оние на кои собранието не им ја одобрило работата. Собранието може да одлучи членовите на управниот, односно на надзорниот одбор на кои им ја одобрило работата да продолжат да ги вршат неодложните работи во друштвото до изборот на полниот состав на овие органи што се врши на продолжена седница што се одржува во рок не пократок од осум дена и не подолг од 15 дена од денот на објавувањето на датумот на којшто ќе продолжи

седницата на годишното собрание. Денот на одржувањето на продолжената седница се објавува во дневен весник.

**Свикување на собрание**

Член 65

(1) Кога тоа го бара интересот на друштвото и на акционерите, во времето меѓу две годишни собранија, може да се свика собрание.
(2) Управниот одбор односно надзорниот одбор може, со мнозинство гласови од своите членови, кога тоа е предвидено со закон, по своја иницијатива или по барање на акционер во постапка утврдена со закон, да донесе одлука за свикување собрание.

**Покана и јавен повик за свикување собрание**

Член 66

(1) Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите.
(2) Јавниот повик се објавува најмалку во еден дневен весник и на огласна табла во седиштето на друштвото.
(3) Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик во дневен весник до денот на одржувањето на собранието не може да биде подолг од 50 дена ниту пократок од 21 ден до денот на одржувањето на собранието.
(4) Материјалите мораат да бидат достапни до акционерите од денот на објавувањето на јавниот повик.

**Дневен ред и вклучување нови точки**

Член 67

(1) Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред.
(2) Собранието може да расправа, без право на одлучување, и за прашања коишто не се уредно ставени на дневен ред.
(3) Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на собрание коешто ќе биде свикано.
(4) Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто веќе е свикано.
(5) Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано се испраќа до свикувачот на собранието, и тоа во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на собранието.
(6) Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на собрание коешто е свикано не може да се одбие, освен во случаите:
1) ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од ставот (5) на овој член;
2) ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас во друштвото, во согласност со ставот ( 4) од овој член;
3) ако предлогот не ги исполнува другите услови предвидени со закон и

4) ако точката, односно точките коишто се бара да бидат вклучени во дневниот ред на собранието не спаѓаат во надлежност на собранието или не се во согласност со закон и со статутот.
(7) Ако барањето од ставот (5) на овој член не е ставено на дневен ред, освен во случаите од ставот (6) на овој член, конечна одлука по барањето донесува собранието при усвојувањето на дневниот ред.
(8) Барањето за вклучување една или повеќе точки во дневниот ред на свикано собрание, органот што го свикал собранието, го испраќа до сите акционери, односно го објавува на ист начин на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

**Пријавување и евиденција за присуство на собрание**

Член 68

(1) Секој акционер кој има намера да учествува на свикано собрание е должен да го пријави своето учество на собранието (пријава за учество на собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на закажанато собрание. Списокот на пријавените акционери го подготвува управниот одбор, односно лицето овластено за свикување на собранието.
(2) Списокот на пријавените акционери од ставот (1) на овој член се става на увид во седиштето на друштвото.
(3) Пред почетокот на одржувањето на собранието, управниот одбор, односно лицето овластено за свикување на собранието го споредува списокот на пријавените акционери според состојбата во акционерската книга добиена од Централниот депозитар за хартии од вредност 48 часа пред одржувањето на седницата на собранието.
(4) Пред почетокот на одржувањето на собранието, списокот од ставот (3) на овој член го потпишува секој присутен акционер, односно полномошник на акционер со што го верификува своето присуство на собранието (верификуван учесник на собранието). Потпишаниот список, со свој потпис, го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа.
(5) Заверениот список од ставот (4) на овој член им се дава на увид на сите учесници на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список, на свој трошок, којшто не може да биде поголем од вистинскиот трошок.

**Полномошник на акционер на собрание**

Член 69

(1) Секој акционер може да овласти, со полномошно, свој полномошник на собранието (во натамошниот текст: полномошник).
(2) Овластувањето на полномошникот од ставот (1) на овој член се дава со потпишување на писмено полномошно заверено кај нотар.
(3) За полномошник не може да биде определен:
1) член на управниот одбор на друштвото, односно на надзорниот одбор или член на неговото потесно семејство;
2) раководно лице во друштвото или член на неговото потесно семејство;

3) член на органот на управување, односно на надзорниот одбор од поврзани или зависни друштва со друштвото и
4) застапник по закон или друго овластено физичко лице од друштво или од друго правно лице што е во сопственост на друштвото.
(4) Полномошното може да се откаже еднострано, без наведување на причините, од акционерот или од полномошникот, со доставување писмено известување до другата страна. Ако акционерот лично го евидентира своето присуство на собранието се смета дека полномошното за тоа собрание на полномошникот му е откажано и акционерот може своето право на глас да го остварува без ограничување, лично.

**Кворум за работа на собранието**

Член 70

(1) Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.
(2) Ако на собранието не се обезбеди кворумот од ставот (1) на овој член собранието не може да почне со работа. За време што не е подолго од 15 дена од
денот за којшто е закажано одржувањето на собранието коешто немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на собранието (презакажано собрание) коешто и се одржува во овој рок. Новиот термин за одржување на презакажаното собрание се објавува на начин на којшто е објавено свикувањето на собранието коешто немало кворум за работа.
(3) Учеството на презакажаното собрание повторно не се пријавува. Пред да се започне со работа на презакажаното собрание се пристапува кон потпишување на списокот, со што секој присутен го верификува своето присуство на презакажаното собрание. Потпишаниот список со свој потпис го заверува претседавачот со собранието и записничарот. По заверката на списокот, претседавачот со собранието го констатира присуството на пријавените акционери, односно на нивните полномошници, односно кворумот за работа на собранието.
(4) Секој верификуван учесник на презакажано собрание може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок.
(5) На презакажаното собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното
собрание не може да се одлучува за прашањата за коишто, според закон или овој статут, се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од ставот (1) на овој член.

**Мнозинство со кое се одлучува на собранието**

Член 71

(1) Одлуките на собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со закон или со овој статут не е определено поголемо мнозинство или не се пропишани други услови во поглед на мнозинството со коешто се донесуваат одлуките на собранието.

**Водење собрание**

Член 72

(1) Со седницата на собранието претседава претседавач (во натамошниот текст: претседавач со собрание). Претседавачот со собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на собранието.
(2) Претседавачот со собранието се избира за секое одделно собрание.
(3) Мандатот на претседавачот со собранието трае до изборот на претседавачот на наредното собрание коешто треба да биде одржано.
(4) За претседавач со собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер. За претседавач со собранието не може да биде избран член на управен или член на надзорен одбор.

**Продолжување прекината седница на собрание**

Член 73

(1) Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, присутните акционери на седницата на собранието можат да одлучат собранието да продолжи со работа во време и место коешто се определува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на собранието (продолжување на прекината седница на собранието). Одложувањето не може да биде подолго од осум дена од денот на прекинот.
(2) Ако дојде до прекин на седница на собрание што започнало со работа, а собранието не донело одлука за продолжување со работа, во согласност со ставот
(1) од овој член, претседавачот со собранието го определува времето и местото на продолжувањето на прекинатата седница на собранието.
(3) Учеството на продолжувањето на прекината седница на собранието повторно не се пријавува. Акционерот кој не го пријавил учеството на собранието чијашто седница е прекината има право да го пријави своето учество пред почетокот на продолжената седницата според состојбата во акционерската книга. На почетокот од работата на продолжената седница на собранието се пристапува
кон повторно потпишување на списокот на пријавените акционери, односно на полномошниците, со што секој присутен го верификува своето присуство на продолжението на прекинатата седница на собранието. Потпишаниот список, со свој потпис, повторно го заверуваат претседавачот со собранието и записничарот.
По заверувањето на списокот претседавачот со собранието го констатира кворумот за работа на продолжението на прекината седница на собранието.
(4) Заверениот список од ставот (3) на овој член им се дава на увид на сите учесници на продолжението на прекинатата седница на собранието пред првото гласање. Секој верификуван учесник на собранието може да бара копија на потпишаниот список на свој трошок.
(5) Ако на продолжената седница на собрание нема кворум за работа или таа не се одржи во рокот од ставот (1) на овој член, се закажува ново собрание според условите, начинот и постапката определени со закон и со овој статут.
(6) Одлуките донесени на собранието коешто по започнувањето со работа

ја прекинало работата, без разлика на тоа дали ќе продолжи со работа, се сметаат
за полноважни. На седницата на којашто собранието продолжило да работи, собранието расправа и одлучува само по точките коишто не се разгледувани и по
коишто не е одлучувано.

**Ограничувања при остварувањето на правото на глас**

Член 74

(1) На собранието акционер не може да гласа за одлука што го ослободува лично од обврска, од некое побарување коешто друштвото го има спрема него или од одговорност или кога му се признава некаква предност или привилегија на сметка на друштвото, односно кога се гласа за одлука да се поведе судска или друга постапка против него, освен ако со овој закон поинаку не е определено. Во овие случаи, акционерот не може да го остварува правото на глас, ниту лично ниту преку полномошник.
(2) Ако акционерот постапи спротивно на ставот (1) од овој член, одговара за штета којашто друштвото ќе ја претрпи, освен ако докаже дека мнозинството би било постигнато и без неговиот глас.

**Начин на гласање на собранието**

Член 75

(1) Ако со законот и со овој статут поинаку не е определено, собранието одлуките ги донесува со јавно гласање.
(2) За избори на член на управниот одбор, односно за член на надзорниот одбор или за отповикување на членовите на овие органи гласањето е тајно.
(3) По барање на еден или на повеќе акционери кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас, се пристапува кон тајно гласање.
(4) Акционерите можат да гласаат на свикано собрание преку интернет конференциска врска, ако постојат технички можности таа да се воспостави на самата седница со слика и тон. Акционерот својата намера да гласа преку интернет врска мора да ја најави на претседателот на управниот или надзорниот одбор најдоцна пет работни дена пред закажаното собрание. Во рок од три работни дена од добиената најава, претседателот на управен или надзорен одбор мора да одговори дали има технички можности за гласање преку интернет конференциска врска.
(5)Акционерот кој гласа преку интернет конференциска врска се смета за присутен на собранието, односно го сочинува кворумот за работа и за одлучување на собранието.
(6) Ако на сигурен начин не може да се утврди идентитетот на секој акционер, начинот на воспоставување на комуникациска врска меѓу друштвото и акционерот и ако гласањето не биде достапно на секој акционер и не може со сигурност да се евидентира кворумот и извршеното гласање, гласањето е ништовно.

**Начин на спроведување тајно гласање**

Член 76

(1) Тајното гласање го спроведуваат двајца бројачи на гласови избрани со одлука на собранието. За бројач на гласови не може да се избере акционер, односно друго лице кое е член на управен, односно на надзорен одбор ниту претседавачот со собранието на коешто се врши тајното гласање. Бројачите на гласови се должни да работат непристрасно и праведно.

(2) Бројачите на гласови ја определуваат содржината на гласачките ливчиња, се грижат за умножување на гласачките ливчиња, ги нумерираат гласачките ливчиња, ги пребројуваат гласовите и поднесуваат писмен извештај за спроведеното тајно гласање.

(3) Гласачкото ливче мора да ги содржи имињата и презимињата на сите кандидати кои се избираат со тајно гласање.

(4) Кога се врши тајно гласање, ливчето за гласање мора да ги содржи прашањата за коишто ќе се гласа, опцијата за гласање “за”, “против”, “воздржани” за секое прашање или група на прашања или друга јасна опција, како и објаснување за начинот на којшто се врши тајното гласање.

(5) Гласачките ливчиња, извештајот за спроведеното гласање и другиот изборен материјал се чуваат на ист начин како и записниците од собранијата.

**Влегување во сила на одлуките на собранието**

Член 77

(1) Одлуките на собранието влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила.

**Записник од собранието**

Член 78

(1) За работата на собранието се води записник којшто содржи податоци за:

1) фирмата и седиштето на друштвото;

2) датумот, времето и местото на одржувањето на собранието;

3) името на претседавачот со собранието, односно името на записничарот и имињата на бројачите на гласови;

4) дневниот ред на собранието;

5) бројот на присутните акционери, односно полномошниците на акционери и кворумот за работа;

6) расправата водена на собранието;

7) значајните настани на собранието, како и поднесените предлози;

8) одлуките, бројот на гласови ,,за,, и ,,против,, и бројот на воздржаните гласови и

9) оградувањата, односно противењата на акционер, член на управниот, односно на надзорниот одбор против некоја одлука ако е изјавено оградување, односно противење.

(2) За записничар и заверувачи на записник не може да биде избран член на управен, односно на надзорен одбор, ниту претседавачот со собранието.

(3) Записникот се подготвува најдоцна во рок од осум дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишуваат записничарот и претседавачот со собранието, а го заверуваат заверувачи на записник.

(4) Секој акционер може да бара од управниот одбор, издавање копија на записникот од собранието, на негов трошок. Трошокот не може да биде поголем од стварните трошоци.
(5) Кога записникот го води нотар, записникот се подготвува најдоцна во рок од три дена од денот на одржувањето на собранието и него го потпишува нотарот и претседавачот со собранието. Копијата од ставот (4) на овој член ја дава нотарот кој го водел записникот.
(6) Записниците заедно со прилозите се чуваат најмалку десет години.

Член 79

(1) Собранието може да донесе деловник за својата работа.

## VI. ИНФОРМИРАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ

### Акти и документи кои што мораат да се чуваат

Член 80

Друштвото, во своето седиште, ги чува следниве акти и документи:
1) статутот и другите акти, како и сите нивни измени и дополнувања,заедно со пречистените текстови;
2) записниците и сите други документи од сите собранија на акционерите;
3) записниците и одлуките од состаноците на управниот, односно на надзорниот одбор;
4) годишните сметки и финансиските извештаи коишто треба да се чуваат според закон;
5) прилози (исправи и докази) коишто се поднесени до трговскиот регистар;
6) сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на друштвото;
7) целокупната писмена кореспонденција со акционерите;
8) ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на управниот, односно на надзорниот одбор;
9) документите за залог и хипотека;
10) извештајот на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценител;
11) гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на собранието во оригинал или копија;
12) колективниот договор на ниво на друштвото и
13) други акти и документи предвидени со закон и со статутот.

### Право на информирање

Член 81

(1) На секој акционер, на негово барање, мора да му се обезбеди право на увид во актите и другите документи од членот 80 на овој статут, во седиштето на друштвото.
(2) Секој акционер има право да бара копии од актите и документите што се предмет на разгледување и одлучување на собрание. Копиите од ови документи се даваат без надомест. Во сите други случаи надоместокот е еднаков со стварните трошоци.
(2) Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на

органите на управување акционерите го остваруваат преку управниот одбор или преку надзорниот одбор.
(3) Акционерот кој бара увид, претходно треба да го информира друштвото за увидот, во рок од три дена пред денот на бараниот увид. Акционерот е должен претходно да ги плати трошоците за бараните копии, коишто не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.
(6) Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува пред надлежен орган некое право определено со закон, со статутот и со друг акт на друштвото, или ако тие веќе не се јавно објавени.

**Деловна тајна**

Член 82

(1) Друштвото има право, одредени податоци со чие неконтролирано откривање може да биде нанесена штета на неговите деловните интереси, да ги утврди (прогласи) за деловна тајна.
(2) Постапката и условите за утврдување (прогласување) на податокот за деловна тајна, се утврдуваат со правилник кој го донесува собранието на друштвото.
(3) Не може да се прогласи за деловна тајна податок кој согласно со закон или акт на државен орган донесен врз основа на закон, не е дозволено да биде прогласен за таен или е пропишано дека е јавен или постои обврска јавно да се објави.

**Објавување**

Член 83

(1)Управниот одбор го определува начинот на објавувањето на податоците и извештаите за коишто со статутот или друг акт на друштвото е определена обврската за нивно објавување на огласна табла на друштвото, во дневен весник, интернет или на друг начин и ги утврдува податоците и извештаите кои се објавуваат, а за кои смета дека се значајни за акционерите и друштвото, освен ако со закон поинаку не е определено.
(2) Објавувањата кои се вршат согласно законот, се вршат на начин предвиден во законот.

## VII. СТАТУТ И ДРУГИ АКТИ

**Начин и постапка за измена на статутот**

Член 84

(1) Статутот се менува со одлука за измена на статутот. Под поимот измена на статут се подразбира и донесување на нов статут.
(2) Постапка за измена на статутот можат да покренат управниот, односно надзорниот одбор, како и акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас. Иницијативата во форма на амандмани се доставува до управниот одбор, а кога за тоа е овластен со закон, и до надзорниот одбор.
(3) Предлогот на одлуката за измена на статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го утврдува управниот одбор, а кога за тоа е овластен со закон, и надзорниот одбор. Утврдениот предлог на одлука за измена на статутот мора да биде образложен.

**Одлука за измена**

Член 85

(1) Одлуката за измена на статутот ја донесува собранието.
(2) Одлуката за измена на статутот се усвојува со мнозинство гласови кое не може да изнесува помалку од две третини од акциите со право на глас претставени на собранието.
(3) Собранието со одлуката за измена на статутот го овластува управниот, односно надзорниот одбор да подготви пречистен текст на статутот во којшто се внесуваат измените извршени со одлуката за измена на статутот, како и одредбите од одлуките кои имаат карактер на одлука за измена на статут.

**Влегување во сила на измената**

Член 86

(1) Измената на статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката
за измена на статутот, освен ако собранието во одлуката за измена на статутот не определи друг датум на влегување во сила.

**Други акти**

Член 87

(1) Други прашања што се од значење за друштвото, а не се уредени со статутот, можат да се уредат, во согласност со закон, со други акти на друштвото.
(2) Ако некоја одредба од друг акт на друштвото не е во согласност со статутот, се применуваат одредбите од статутот.
(3) Актите на друштвото и одлуките на друштвените органи влегуваат во сила со денот на донесувањето, ако во нив или во законот не е предвидено нешто друго.
(4) Заради запознавање на вработените или акционерите, органот кој го донел актот може да одлучи да се објави на огласна табла на друштвото.

## VIII. РАКОВОДНИ ЛИЦА

Член 88

(1) Лицата со посебни овластувања и одговорности во друштвото (во натамошниот текст: раководни лица) се утврдуваат со одлука на надзорен одбор на предлог на управниот одбор.
(2) На лицата кои со одлука на управниот одбор се назначени како раководни лица, правата и обврските од работниот однос им мируваат. Раководните лица ги остваруваат правата и обврските од работен однос според условите утврдени во договорот за уредување на односот меѓу управниот одбор и раководното лице (во натамошниот текст: договор за уредување на односите со раководно лице). Со
договорот за уредување на односите со раководно лице се уредуваат: платата, надоместоците, учество во добивката, надоместокот на трошоците, надоместокот
за осигурување на живот и на други видови осигурување и другите права од работен однос. Определувањето на видот и обемот на вкупните примања и на другите права и обврски од работен однос на раководно лице е соодветно на видот и обемот на доверените задачи и на одговорноста на раководното лице,

како и на неговиот личен придонес во успешноста на работењето на друштвото. Од името на управниот одбор, договорот со раководното лице го потпишува претседателот на управниот одбор.
(3) На раководните лица не се применуваат одредбите од колективните договори, како и одредбите од Законот за работни односи што се однесуваат на засновање-то и на престанувањето на работниот однос, на дисциплинската одговорност, на платата, на надоместоците и на заштитата на правата на работниците. Правата од овие одредби од Законот за работни односи, овие лица ги остваруваат на начин и според условите утврдени во договорот за уредување на односите со раководното лице.

## IX. ОДНОСИ СО ВРАБОТЕНИТЕ

Член 89

(1) Претседателот на управен одбор одлучува за правата и обврските на вработените утврдени во договорите за работа, колективните договори и другите акти на друштвото.
(2) Претседателот на управен одбор, за решавање на правата и обврските на вработените донесува одлуки, решенија, наредби, задолженија и сл.
(3) За барањата за заштита на правата против актите од став (2) на овој член одлучува управниот одбор.

## X. ТРАЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

Член 90

(1) Друштвото е основано и работи на неопределено време.

Член 91

(2) Друштвото престанува во случаите и под услови утврдени со закон.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 92

(1) Органите на друштвото согласно овој статут ќе се именуваат на годишното собрание или најдоцна во рок од 30 дена по одржувањето на годишното собрание на кое ќе се разгледуваат и ќе се усвојуваат годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работата на друштвото во 200 година;
(2) Управниот и надзорниот одбор на друштвото избрани пред влегувањето во сила на овој статут, продолжуваат да ја вршат својата функција до изборот на членовите на управниот и надзорниот одбор според одредбите на овој статут.

Член 93

(1) Овој статут влегува во сила и ќе се применува од денот на донесување на одлуката за негово усвојување.

Број:02-3175/1
08.06.2006 год.
С к о п ј е

Претседател на Надзорен
одбор

____________________________

/Мојсовски Благоја/